Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НП како НПМ) на 29.04.2013 година спроведе посета на Арестанското одделение во состав на КПД Идризово, сместено во состав на Клинички центар Скопје.

Целта на посетата, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Посетата на Арестанското одделение се спроведе преку увид во сместувачките капацитети, како и разговор со осудени лица кои беа сместени во истото. Целосната посета на Арестанското одделение се реализираше во соработка со службите, при што НПМ тимот имаше непречен увид во сите соби каде се сместени пациентите, а оствари и непречен разговор со дел од нив.

Арестанското одделение каде престојуваат осудени лица има шест простории. При увидот беше забележана влага по ѕидот на просторијата на ходникот, ќебињата се стари и нема постелнина. Постои санитарен чвор, хигиената е на завидно ниво а луѓето кои што престојуваат во Арестантското одделение можат да го користат за одржување на хигиената кога сакаат. Во креветите нема постелнина и забележани беа нечисти душеци, а воедно осудените лица се целосно ограничени за комуникација со надворешниот свет, т.е. во истата зграда нема телефонска говорница, како и телевизор кој би го користеле осудените лица

Бидејќи беше забележано дека дел од собите се неуредни, како и без потребната постелнина, а сместените осудени лица се пожалија и на недоволно количество на средства за хигиена со кои што би ја одржувале истата, НПМ ја потенцира улогата на лекарот за кој смета дека треба „ *редовно да врши прегледи и да му дава препораки на директорот во поглед на: хигиената на заводот и затворениците, санитарните уреди, затоплувањето, осветлувањето и проветрувањето на просториите, како и квалитетот и чистотата на облеката и постелнината на осудените лица.*"[1]

Лицата сместени во Арестантското одделение немаа поплаки во однос на постапувањето кон нив за време на престојот во ова одделение. Истите реагираа за времето за движење кое го користат внатре во ходникот без да имаат право да излезат во дворот.

[1] Стандардни минимални правила за постапување со осудени лица, точка 26, Обединети Нации

При посетата на арестанско одделение НПМ тимот направи увид и на возилото со кое се спроведуваат осудените лица во клиничкиот центар. Транспортното возило беше старо и дотраено, без потребните предуслови за превоз на лица лишени од слобода, односно без безбедносни мерки со цел заштита како на лицата лишени од слобода, така и на вработените во секторот за обезбедување кои го спроведуваат транспортот.

НПМ го потенцира стандардот на КПТ во однос на транспортот на осудени лица во здравствена установа. Согласно препораките КПТ смета дека “секогаш кога е потребно осудените лица да се хоспитализираат или да се прегледаат од специјалист во болница, треба да бидат транспортирани веднаш и на начин кој одговара на нивната здравствена состојба.” Состојбата на возилата во која се превезуваат болни осудени лица може да го доведе во прашање здравјето и животот на осудените лица и истите не одговараат за превоз на болни лица,  имајќи во предвид дека немаат инсталирано вентилација, греење, како и други безбедносно-заштитни мерки за транспорт на осудени лица на кои им е потребна лекарска грижа надвор од затворската установа.

Националниот превентивен механизам изготви посебен извештај за реализираната посета во кој се констатирани позитивните и негативните состојби и дадени се соодветни препораки за Управата за извршување на санкциите како и до КПД Идризово под чија надлежност е Арестанското одделение.